ПАТРИМОНИУМ.МК, година 10, број 15 / 2017
УДК: 726 : 75.052.033.2 (497.713)

Дарко НИКОЛОВСКИ

ПРИЛОГ КОН ПРОУЧУВАЊАТА НА ПОСТВИЗАНТИСКАТА УМЕТНОСТ ВО ОПШТИНА ЧАШКА, ВЕЛЕШКО

Клучни зборови: *Општина Чашка во регионот на Азот, Велешко; црквите Св. Петка во с. Црешнево, Св. Ѓорѓи во с. Бистрица, Св. Никола во с. Габровник, Св. Илија во с. Богомила, Св. Ѓорѓи во с. Мартолци, Вознесение Христово во с.Дреново, свети Никола во с. Раковец, Свети Димитрија во с. Поменово, Св. Никола, с. Владиловци Старата црква во селото Оморани; поствизантиски период;*

сл.1. Мапа на општина Чашка, Велес

Апстракт: *Општина Чашка во регионот на Азот, Велешко, крие неколку засега непознати за научната јавност споменици од поствизантискиот период. Имено, црквите Св. Петка во с. Црешнево, Св. Ѓорѓи во с. Бистрица, Св. Никола во с. Габровник, Св. Илија во с. Богомила, Св. Ѓорѓи во с. Мартолци, Вознесение Христово во с. Дреново, Свети Никола во с. Раковец, Свети Димитрија во с. Поменово, Св. Никола, с. Владиловци, Старата црква во селото Оморани и покрај малите размери на еднобродни селски црквички, нарушени од времето и негрижа, делумно или целосно пресликани во XIX век, сепак сведочат за зографските активности и ја пополнуваат релативно непознатата слика за поствизантиската градителска и творечка уметност во повардарскиот регион.*

Црквата *Св. Петка* во с. Црешнево, благодарение на запишаната година ҂ѕг҃ 7109 (=1601) засега е единствен храм со точно датирано ѕидно сликарство во месноста Азот (општина Чашка). Останатите цркви што потекнуваат од поствизантискиот период во регионот на Азот ги следиме по аналогии, пред сѐ преку архитектонскиот тип и малите ретки остатоци од ѕидно сликарство, коишто сведочат за времето на подигањето или осликувањето на храмовите што биле главно датирани пошироко во XVII век. Црквите во Азот од поствизнатискиот период *Св. Петка* во с. Црешнево, *Св. Ѓорѓи* во с. Бистрица, *Св. Никола* во с. Габровник, *Св. Илија* во с. Богомила, *Св. Ѓорѓи* во с. Мартолци, *Вознесение Христово* во с. Дреново, *Свети Никола* во с. Раковец, *Свети Димитрија* во с. Поменово, *Св. Никола, с.* Владиловци и *Старата црква* во селото Оморани во најголем дел биле пресликани во XIX век од локални неуки зографи, дел пострадале од негрижа и с во девастирана фаза, а кај некои од нив, дополнително е направена непоправлива штета во поново време од нестручни интервенции на црковните одбори

сл.2. Поглед од западната страна, црквата Св. Петка во с. *Црешнево*

при нивно реновирање, не водејќи сметка за автентичните содржини на храмовите.

Селото *Црешнево*[1] се наоѓа во горниот слив на реката Бабуна во пазувите на планината Јакупица. Црквата *Св. Петка* во с. *Црешнево* е лоцирана покрај патот непосредно пред самото село. (сл. 2) Храмот во основа е еднокорабна правоаголна градба со полукружна мала апсида на исток и претставува типична градба од поствизантискиот период. Ѕидната декорација е сликана во два наврата во 1601 и 1862 год. Црквата е засведена со покрив на две води, денес со керамида, но оригинално со камени плочи за што сведочи сè уште автентично препокриената апсида. (сл. 3) Ѕидана е солидно со вар и делкан камен. Во подоцнежно време е доградена затворен трем, кој на јужната страна по целата должина го следи наклонот на покривот, додека кон западната страна продолжува како независна градба зафаќајќи дел од западниот ѕид на храмот. Од ѕидните отвори, еден е правоаголен на северната страна, додека на западната има камен отвор во форма на детелина. Вле-



План на црквата Св. Петка во с. *Црешнево*

[1] Селото Черешново, денес Црешнево, во 1467/68 г. имало 12 семејства. Бројот на семејства во селото варирал па така од 6 семејства во 1481/82 г. дошло до 21 семесјтво во 1568/69 (А. Стојановски, Д. Ѓорѓиев, *Населби и население во Македонија - XV и XVI век,* Скопје 2001, 244.). Во 1961 година селото броело 176 жители додека денес е паднато само на два до три постојано населени жители (М. Панов, *Енциклопедија на селата во Република Македонија*, Скопје 1998, 313).

сл.3. Поглед од североисточната страна, црквата Св. Петка во с. *Црешнево*

сл.4. Св. Ѓорѓи, ниша на јужната фасада, црквата Св. Петка во с. *Црешнево*

сл.5. Приложнички запис Св. Ѓорѓи, ниша на јужната фасада, црквата Св. Петка во с. *Црешнево*

зовите во тремот се од две страни, од запад и југ, додека во самата црква има еден портал на јужната страна изработен од делкан камен и во горниот дел полукружно засведен. Во него се влегува преку две полукружни, масивни камени скалила. Од обете страни на влезот, поради малата висина на јужниот ѕид на црквата, поставени се две лунети. Нишата која вообичаено е поставена над самиот влез е поместена кон запад, а во неа е насликана допојасна претстава на патронката на храмот св. Петка, дело на зографот кој сликал во наосот во XIX век. Источно пак од влезот, во другата ниша е насликан великомаченикот *св. Ѓорѓи* **стн горг҃нє**. (сл. 4) Во композицијата е претставен св. Ѓорѓи во воена облека, на препнат коњ со долго копје во рацете во моментот кога го прободува змејот и ја спасува принцезата во присуство на нејзината царска фамилија. Значаен податок за изработката на живописот од поствизантискиот период е забележан во подножјето на сцената. Имено, во еден краток приложнички запис во кој се споменуваат извесниот Велко и Стано **пòмє́ниг҃и вєл́кó и станó** запишана е и година **ꙁгѳ** 7109 (=1601). (сл. 5) Овој податок е референтен во датирањето и на преостанатиот живопис од поствизантискиот период сочуван единствено во олтарниот простор на храмот. Наосот на храмот е пресликан во 1862 г. од страна на рудиментарен локален зограф со скромни ликовни познавања. Во документацијата на Националниот конзерваторски центар има податок дека на сводот бил насликан *Исус Христос Вседржител*. Денес сводот на црквата е затворен во рамна пластична

сл.6. Поглед кон олтарот, црквата Св. Петка во с. *Црешнево*

сл.7. Богородица Платитера, олтарна апсида, црквата Св. Петка во с. *Црешнево*

сл.8. Св. Јован Златоуст, олтарна апсида црквата Св. Петка во с. *Црешнево*

таваница од страна на црковниот одбор, со што е оневозможено да се проследи оригиналниот облик и содржината на сводната површина, која вообичаено е полукружно засведена кај спомениците од поствизантискиот период.

Олтарот е издвоен од наосот со иконостасна преграда на два ката. Во олтарниот простор, освен централната апсида, има и две мали, но длабоки ниши во проскомидијата и ѓаконикон. Во олтарот е сочувуван оригинален живопис најве-

сл.10. Поглед кон јужниот sид во олтарот, црквата Св. Петка во с. *Црешнево*

сл.9. Св. Василиј Велики, олтарна апсида црквата Св. Петка во с. *Црешнево*

ројатно од 1601 г., современ со подигањето на храмот. (сл. 6)

Во конхата на апсидата е насликана допојасна претстава на *Богородица Платитера* **н платї(тєра)** (сл. 7) со малиот Христос **ТС ХС** во медаљон на градите.[2] Богородица е од типот *Знамение* (Оранта) со обете раце кренати додека младенецот Христос благословува со десната рака. Кружниот мадаљон, во кој е прикажан *Христос Емануел* со светлосни зраци што извираат од него, е подвиткан во долниот дел што може да алудира на срцевидна форма како знак за живоносниот извор на Богородица раѓајќи го младенецот, сцена која е карактеристична за поствизантиската уметност, но со постара иконографска подлога.[3]

Во првата зона е *Литургиската служба на архиереите на Христос жртва*. *Христос Агнец* **ТС ХС о мелїсмо̀с** · е поставен на чесна трпеза со окерна прекривка. Голото тело на Агнецот е покриено до градите со црвено платно (аер) и ѕвездичка. На Христос Жртва први му се покло-

[2] М. Татић-Ђурић, *Икона Богородице Знамења*, ЗЛУ 13, Нови Сад 1977, 3-23.

[3] С. Пејић, *Манастир Пустиња*, Београд 2002, 128; В. Попоска - Коробар, *Света Богородица – Келија*, Скопје 2009, 64..

сл.11. Пророк Давид и архангел Гаврил од Благовештението, црквата Св. Петка во с. *Црешнево*

сл.12. Пророк Соломон и Богородица од Благовештението, црквата Св. Петка во с. *Црешнево*

нуваат допојасните фигури, *св. Јован Златоуст* **ο αγιος ο χρισοστομος** од северната страна (сл. 8), а од јужната *св. Василиј Велики* **ο αγιος βασίλιος**. Архијереите се облечени во полиставриони со сини крстови, омофори со црвени крупни крстови и епитрахили украсени со бисери. Со десната благословуваат, а во левата носат отворени свитоци. Сигнатурите се на црковнословенски, додека текстовите на свитоците на црковно-грчки јазик. На свитокот на *св.Јован Златоуст* е запишан текстот **єѯєрє/ тотн/ пана**,[4] а кај *св. Василиј Велики* **нзєт"/ єпрє/ свєт°/ єчн.** (сл. 9) На јужниот дел од источниот ѕид е насликана фронтална претстава на *св. Роман* **(ро)ман**ϑ во бел стихар, наметнат со окерна наметка префрлена преку левото рамо. Тој со десната благословува, а во покриената лева рака држи дарохранилница. Следува нишата од ѓаконикон едноставно декорирана со брановидни црвено-црни линии, а потоа продолжува литургиската поворка со претставата на архијереи во цел раст во тричетвртински став со отворени свитоци во рацете без текст. На источниот ѕид во олтарот е осамен *св. Никола* **сть ннколае**[5] а на јужниот ѕид продолжува поворката со уште двајца архијереи, *св. Атанасие* **стн атанасїє** и *св. Јован Богослов* **стн іѡнь богослов**. Поворката на архијереите е надополнета со фриз од три медаљони со допојасја во просторот помеѓу двете зони на јужниот ѕид *св. Наум Охридски* (**стн наѹм оχ)рндонь**, *св. Климент* **стн климетиє** и *св. Мелетиј* (?) **стн милє›**… (сл. 10) Типолошките одлики на Климент и Наум не соодвејствуваат со воспоставеното образец во охридскиот култу-

[4] Дел од молитвата што се говори по осветувањето на даровите упатен на Богородица - G. Babić - Ch Walter, *The inscriptions upon Liturgical Rolls in Byzantine Apse Decoration*, REB XXXIV, Paris 1976; Л. Мирковић, *Православна литургика* (први посебни део), Београд 1982, 105, заб.1..

[5] Големата популарност на св. Никола се потврдува со неговото задолжително присуство во иконографијата на малите селски цркви од поствизантискиот период, посебно како „скоропошник“ или патрон на црквите кој се слика на јужниот ѕид непосредно до иконостасот (С. Петковић, З*идно сликарство на подручју Пећке патријаршије 1557-1614*, Нови Сад 1965, 68) или пак, зад иконостасот, во ѓаконикон, како дел од архијерејската поворка (В. Поповска-Коробар, *Нов поглед на ѕидното сликарство во Мрзенореовечката црква Свети Никола*, Патримониум.мк, IV, 9, Скопје 2011, 162; М. М Машниќ, *Црквата Свети Никола во село Трново кај Крива Паланка,* Патримониум.мк, II, 3-4, Скопје 2008, 130, сл. 5).

сл.13. Свети Стефан, проскомидијална ниша, црквата Св. Петка во с. *Црешнево*

рен круг[6], но има примери што даваат основа да се прифати идентификацијата според актуелните натписи, како што е примерот со Кучевишкиот манастир Св. Архангели.[7] Климентовиот лик во османлискиот период, надвор од охридската средина, се јавува во низот на стоечките архијереи во композицијата Поклонување на агнецот (црквата Св. Илија во с. Долгаец, Прилеп[8]), потоа во фризот на втората зона на ѓакониконот или протезисот (во Топличкиот манастир св. Климент е претставен и како монах во припратата на црквата св. Никола од 1535 г. и како архијерej во протезисот на олтарот од 1537 г.)[9] и конечно во композицијата Седмочисленици во припратата на Слимничкиот манастир од 1612 г.[10] Што се однесува до портретите на св. Наум во периодот од XV до крајот на XVII век нема многу сочувани примери, што наведува дека Климентовиот лик бил по-

сл.14. Свети Симеон Столпник, црквата Св. Петка во с. *Црешнево*

застапен. Дела со ликот на св. Наум се зачувани на истоимената икона од црквата Св. Богородица Перивлепта (Св. Климент), потоа неговиот портрет вклопен во композицијата на Седмочислениците од Слимничкот манастир и неговиот лик од печатот на манастирот Св. Наум.[11] Претстава на св. Наум насликан како ахијерej, наместо како монах, во контекст на нашиот пример е забележан во црквата во с. Врбјани, Охридско.[12] Во линија на традицијата на претставувањето на сесловенските првоучители во велешкиот регион во XVII век познати се примерите и на св. Кирил Филозоф во црквата Св. Ѓорѓи во с. Црквино[13] и во црквата Св. Троица во напуштеното село Убого.[14]

На северниот дел од источниот ѕид, пред проскомидијалната ниша, во голема мера е оштетен приложнички текст од кој во оваа состојба не е можно да се извлечат корисни информации. Сле-

[6] Ц. Грозданов, *Портрети на светители од Македонија од IX–XVIII век*, Скопје 1983, 92, 115-116; А. Τούρτα, Ο ναοί του Αγίου Νικολάου στη Βίτσα και του Αγίου Μηνά στο Μονοδένδρι. Προσέγγιση στο έργο των ζωγράφων από το Λινοτόπι, Αθήνα 1991, 186-187.

[7] А. Серафимова, *Кучевишки манастир Свети Архангели*, Скопје 2005, 46-47.

[8] Г. Суботиќ, *Охридската сликарска школа од XV век*, Скопје 1980, 54-55, сл. 28.

[9] Ц. Грозданов, *Портрети на светители,* 99, сл. 26, 27; З. Расолкоска-Николовска, Т*опличкиот манастир во светлината на новите истражувања*, Климент Охридски и улогата на Охридската книжевна школа во развитокот на словенската писменост, Скопје 1989, 323-326, 330-331;

[10] Ц. Грозданов, *Појава и продор портрета Климента*, ЗЛУ 2, Нови Сад 1967, 64-70: Истиот, *Портрети на светители,* 103, 115.

[11] Истото, 110-111, сл. 31.

[12] Гоце Ангеличин Жура, *Црквата Св. Ѓорѓи во с. Врбјани*, Лихнид 6, Охрид 1988.

[13] Д. Барциева, *Претставата на св. Кирил Филозоф во црквата во с Црквино*, Културен живот 2-3, Скопје 1994, 39-41: Д. Николовски, *Прелиминарни конзерваторски истражувања на црквата Св. Ѓорѓи во с. Црквино*, Велешко, Зборник радова Ниш и Византија XIV (Ниш 2016), 476.

[14] Истата, *Претставата на св. Кирил Филозоф*, 40, заб. 6.

сл.15. Пророк Давид,
црквата Св. Петка во с. *Црешнево*

сл.16. Пророк Соломон,
црквата Св. Петка во с. *Црешнево*

сл.17. Архангел Гаврил од Благовештението,
црквата Св. Петка во с. *Црешнево*

сл.18. Богородица од Благовештението,
црквата Св. Петка во с. *Црешнево*

дува проскомидијалната ниша во која е насликана допојасна претстава на младиот лик на архиѓаконот *свети Стефан* **стн стєфан** во бел стихар, орар на кој е испишан трисагинот (ο αγιος, ο αγιος, ο αγιος) и црвена наметка префрлена преку левото рамо. (сл. 13) Во левата покриена рака држи дарохранилница а во левата кадилница на долг синџир. Следува *светиот Симеон Столпник* **стн снмнон сп҃нл.нкь** (Ζτυλιτ) насликан допојасно и поставен на столб. (сл. 14) Тој носи монашка црна наметка и црвена ќулафка со бел крст на неа. Во десната рака држи крст, а левата е подигната и свртена нанадвор. На северниот ѕид е насликана фронтална фигура на *свети Василиј Велики* пресликана во 19 век.

Во горните две зони на олтарниот простор се сочувани три композиции од Великите празници: *Благовештението*, *Раѓањето на Христос* и *Вознесението*. Композицијата *Благовештение* (сл. 11, 12) е насликана во втората зона од обете страни на апсидалната конха. На северната страна е насликан крилатиот а*рхангелот Гаврил* во црвен развигорен химатион и син хитон. (сл. 17) Тој е поставен врз црвено перниче, насликан во исчекор кон Богородица со десната рака во гест на благослов, додека во левата држи долга прачка со расцветан крин на врвот. Заднината е решена со архитектонска градба. Архангелот Гаврил го придружува *пророкот Давид* **прр҃окь д(авид)** насликан фронтално во цел раст. (сл. 15) Во левата рака држи отворен свиток со нечиток текст на него, а со десната е во гест на благослов. Пророкот носи царска одежда, црвена отворена круна на главата и сина наметка порабена со бисери. На јужната страна од конхата е насликана *Богородица* **мр҃ѳ** облечена во темноцрвен мафорион и син фустан. (сл. 18) Таа во левата рака држи вретено, а десната рака нишка од преѓа, тесно припиена во одеждата, е со отворена дланка кон белиот гулаб (Св. Дух) кој се спушта кон неа со светлосен зрак. Таа стои на црвен подножник пред богато орнаментирано седиште без наслон. Престолот е порабен со бисери, а во среднината е украсен со вретенасти столпчиња. На него има поставено две долгнавести перничиња во сина и црвена боја. Заднината е исполнета со декор од архитектурни контури. Зад Богородица, исто така во фронтален

сл.19. Раѓањето Христово, источен ѕид во олтарот црквата Св. Петка во с. *Црешнево*

став, е поставена претставата на *пророкот Соломон* **прѡрокъ соломо(н)**. (сл. 16) Тој е облечен со затворена црвена круна и наметка украсена со бисери. Неговата десната рака е подигната со вперен прст кон небесата, а во левата држи отворен свиток со текст **полє/ сѳнга/ тєрє/ сѳєн/ к8кє/.**[15] Сликањето на старозаветните цареви Давид и Соломон во контекст на Благовештението е воспоставена традиција, која низ нивните пророчки текстови ја потенцира историската нитка на Христовата лоза.[16] Вообичаената иконографија е пророкот, царот и првосвештеникот Соломон да се слика покрај архангелот Гаврил, додека Давид покрај Богородица[17], иако секогаш постојат отстапки како во нашиот случај.[18] Двете маркантни фигури на старозаветните цареви, насликани како да се дел од евангелските случувања, недвомислено ја потврдуваат божјата промисла на Христовото овоплотување преку Богородица.

На јужниот ѕид од олтарниот простор, во втората зона е насликано *Раѓањето Христово,* делумно оштетено посебно во горниите партии. (сл. 19) Централно во сцената е поставена Богородица, среде карпест пејзаж. Во внатрешноста на пештерата Богородица е легната на бела постела со потсвиени нозе и благо завртена кон јаслите со новороденииот младенец до неа.[19] Десно од Богородица е сочувано овчарчето кое свири на кавал, а ангелот кој му приоѓа е сочуван само од половината надолу. Во долниот дел од сцената, во левиот агол од епизодата со капењето на младенецот е сочувана само дадилката облечена во син фустан.[20] Во предниот план е насликан Јосиф во разговор со овчарот. Јосиф седи на карпа, а во раката држи стап. Овчарот е претставен како старец со бела коса и брада, наметнат со сина наметка, стои пред Јосиф потпрен на својот пасторски стап. И покрај

[15] Изреки 31, 29 - М. Медиќ, *Стари сликарски приручници II*, Београд 2002, 199, 539; М. Медиќ, *Стари сликарски приручници III*, Београд 2005, 253.

[16] Г. Бабиќ, *Краљева црква у Студеници*, Београд 1987, 99.

[17] Ова е објаснето во Евангелието на Матеј, во кое Христос се јавува како „син Давидов“ (1.1), додека Богородица е „ќерка Давидова“. Од домот Давидов произлегува Христовото генеолошко стебло и се потенцира улогата на Богородица и на нејзините предци - Б. Тодиќ, *Старо Нагоричино, Београд 1993,* 96-97; Д. Војводиќ, З*идно сликарство цркве Светог Ахилија у Ариљу*, Београд 2005, 48-49

[18] М. М. Машниќ, *Три примероци на царски двери од кратовско-кумановскиот крај.* (Уметничка вредност, конзерваторска презентација, постконзерваторски статус), Патримониум.мк 3-4, 5-6 / 2008-2009, Скопје 2009, 73-74.

[19] За поставеноста на Богородица кон младенецот, во нашиот случај во образецот *Богородица кон Христос,* каде што насоченоста на Богородица е кон новороденчето - А. Серафимова, *Пикторалната Семиотика на Мајчинството во Византиските Слики на Христовото Раѓање*, Патримониум. Мк, 7 – 8 / Скопје 2010, 273, 9в.

[20] За историскиот развој на овој мотив со релевантна литература види повеќе кај - S. Gabelić, *Rođenje Hristovo u Čelopeku. Funkcionalno modifikovanje predloška freske,* Патримониум.мк, 7-8, 2010, 223-224.

оштетувањата кои не дозволуваат да се согледа целината на композицијата, може да се констатира дека иконографскиот образец на Христовото раѓање се базира врз веќе утврдените дела на охридските и костурските работилници во втората половина на XV и првата половина на XVI век.[21]

Од *Великите празници* е сочувана делумно уште една композиција. Во највисоката зона на источниот ѕид во олтарниот простор, преполовена од нестручно поставената пластична рамна таваница, затскриена е сцената *Вознесение Христово* од која може да се препознаат само стапалата на апостолите кои биле учесници во сцената.

сл.20. Лажно исповедање, детал од Страшниот суд, јужен ѕид во наосот, црквата Св. Петка во с. *Црешнево*

Во наосот на храмот ѕидното сликарство е пресликано во 1862 г. На јужниот ѕид, од исток кон запад е насликан *Страшниот суд*. (сл. 20) Потоа над влезот, во сцената со *пророкот Јона* **про҃рокъ йѡна** го проголтува рибата, забележана е и годината на сликањето, 1862 г. (сл. 21) До крајот на јужниот ѕид се насликани уште две стоечки фигури сочувани само во долната половина. Кај едната фигура е насликан ѓаволот под нозете на светителот. Западниот ѕид продолжува со фронталните претстави на светители во цел раст *св. Марена* **с҃та марєна**, *св. Петка* **с҃та пєтка** облечени како монахињи со крстови и бројаници во рацете, додека *св. Атанасие* **с҃ты атанасиѧ** и *св. Никола* **с҃ты никола** се во архијерејска одежда со затворени кодекси во рацете. На северната страна од запад кон исток се претставени *Христос пред Пилат, Распетие Христово, Симнување од крстотот, Ангел на гробот* а пред олтарниот простор *Воскреснувањето Христово (западна варијанта)* и *св. Василие*. На таваницата, според документацијата во НКЦ бил претставен *Исус Христос Вседржител*.

Олтарниот простор од наосот е издвоен со *двокатна иконостасна преграда* врз која денес лежи спуштената пластична таваница, која го покрила надиконостасниот крст. Иконите од иконостасот се сликани од најмалку двајца зографи од различен хронолошки период на XIX век и најверојатно биле наменети за два различни иконостаса. Денес на иконостасот се наредени икони од обајцата зографи без посебен ред. Во првата зона од иконостасот, прва е иконата со претставата на *Св. Димитриј* **ДИМИТРИѦ** (рег. бр. 23440) на коњ во моментот кога го убива војникот со долго копје. Таа е потпрена на северниот ѕид до иконостасот; на вратата од северниот премин е насликана фронталната претставата на крилатиот *архангел Михаил* **А..ГГЄЛЪ МИХАИЛЪ** (рег. бр. 23441) во полна воена опрема со исукан меч во десната рака и сфера на која е испишан текстот **І҃С Х҃С НИКА** во левата рака. Првата престолна икона е *Богородица со Христос* **М҃Р Ѳ҃У** (рег. бр. 23442). Потоа централно поставените *Царски двери* (рег. бр. 23443) целосно сликани со композицијата *Благовештение* и пророците *Давид* и *Соломон* над неа во медалјони во полукружниот сегмент од дверите со круни на главите и отворени свитоци со текст во рацете. На северното крило е насликан *архангелот Гаврил* кој и принесува цвеќе во левата рака на Богородица. *Богородица* **БЛАГОВѢЩЄНИЄ ПРЄСТ҃АѦ БОГОРОДИЦИ** , на јужното крило, е насликана пред трон со богато орнаментиран наслон и отворен кодекс пред неа: **..Л / ТМѢ / НИНѢ / ПОГЛА / ГОЛУ / ТВОЄ / МУ**. Над архангелот Гаврил е насликан пророкот *Давид* **ПРОРОКЬ: .. БЛА / ЗЄ НА / НАШ / НІѦ / ЧЄЛ О / ВѢКЬ** оштетен во ликот. Над Богородица е насликан пророкот *Соломон* **[ПР]ОРОКЬ СОЛОМОНЪ: .. / .ОСИ / ЛЪИ / М. / Б҃ЖЄ / ПОВ.**

[21] Суботиќ, *Охридска сликарска школа од XV век*, скици 16, 33, 42, 49, 78, 111; Вълева Ц., *Сцената Рождество в Кремиковския и погановския манастир в контекста на костурската художествена продукција*, Ниш и Византија IV, Зборник радова, Ниш 2006, 297-306; Спахиу Ј., *Празничните сцени во Топличкот манастир*, Патримониум.МК 7-8 (2010), 331-349, посебно 335-338, сл. 3.

сл.21. Пророкот Јона, јужен ѕид во наосот, црквата Св. Петка во с. *Црешнево*

Јужно од царските двери продолжува низот со престолни икони со иконата на *Исус Христос* “І҃ С Х҃С: ПРІИДИТЕ / КОКІ / НѢ ВСИТРУЖД / АЮЩІИСІА ИѠБ / РЕМІЕНЕНІИ НАЗЬ / УПОКОЮВИ ВОЗ / МИТЕ ИГОМОЕ / НАСЕБЕ И НА / УЧИТЕСЕ Ѿ / МЕНЕ ЯБО / КРОТОЪ ЕСМ / Ѣ СЕДРЦ.КЪ И / ѠБІАЩЕТЕ (рег. бр. 18433). Потоа следува допојасна претстава на *св. Петка* С҃ТѦ ПРЕПОДОБНАѦ ПАРАСКЕВА (рег. бр. 18431) насликана е во црна наметка со качулка на главата, во десната рака држи крст, а во левата бројаница; последна икона во првата зона која преоѓа на јужниот ѕид е допојасната претстава на *св. Никола* НИКОЛАѦ (рег. бр. 23444) облечен во црвен фелон и зелен омофор, со десната рака благословува, а во левата држи затворен кодекс.

Вториот ред икони (ј-с) е исполнет со икони од различни зографи без посебен ред: доподпојасна претстава на *св. Параскева* С҃: ПРБНА ПАРАСКЕВА (рег. бр. 18434)облечена како монахиња со качулка на глвата. Во десната рака држи крст, а во левата бројаница; допојасна претстава на *Богородица* .. Ѳ҃У од Деисисот со апостоли (рег. бр. 23445); *евангелистот Јован* С҃: ІЕВГГЕ҃ЛСЪ ІѠАНЪ со перо во десната рака и затворен кодекс во левата (рег. бр. 23446); *апостолот Петар* С҃: АПСТ҃ЛЪ ПЕТАРЪ со свиток во раката (рег. бр. 23447); *апостолот Павел* С҃: АПСТ҃ЛЪ ПАВЕЛЪ со затворен кодекс во левата рака (рег. бр. 23448); неидентификувана маченица *св. Петка* ? со долг крст во раката (рег. бр. 23449); оштетена икона со претстави на *две маченици* ? (рег. бр. 23450);

Од придружните икони во црквата се сочувани: *Исус Христос* од деисисот, І҃С Х҃С: НЕСОДЕ / Т ЕДАНЕ / СУ.../ Б.../ Б/ДЕТЕ / ... кој со десната рака благословува, а во левата држи отворено евангелие (рег. бр. 23451); иконата на *Богородица со Христос* МТ҃Р БЖ҃НѦ и двајца светители - *св. Никола* СВ. НИКОЛА и *св. Јован Претеча* СВ. ІѠАННЪ ПРЕДИТЕЧА (рег. бр. 18432); икона од апостолскиот фриз со допојасната претстава на *апостолот Филип,* С҃: АПОСТОЛЪ ФИЛИПЪ кој во левата рака држи крст, а во десната затворено евангелие (рег. бр. 23452);

Како што напоменавме погоре, поголем број еднобродни цркви во регионот на Азот биле целосно пресликани во XIX и XX век, а во поново време биле подложни на нивна обнова и на архитектурата (ентериерот и екстериерот), со што се изгубил нивниот автентичен изглед (замена на камени плочи со керамида, малтерисување на фасадите, доградба на нартекси, трпезарии, тремови, замена на камените подови со современи плочки итн.) Меѓу оние храмови во кои се задржале ретки изворни сведоштва за времето на градбата се: *Св. Ѓорѓи* во с. **Мартолци**, *Вознесение Христово* во с. **Дреново**, *свети Никола* во с. **Раковец**, *Св. Димитрија* во с. **Поменово,** *Св. Никола***, с. Владиловци и** *Стара црква* во селото **Оморани**.

Гробишната црква *Св. Ѓорѓи* во с. **Мартолци**[22] (XVII век) се наоѓа надвор од селото и до неа се доаѓа по непристапен земјан пат. (сл. 21, 22) Црквата во основа е еднокорабна градба со полукружна апсида на исток, доградена трпезарија на запад и затворен трем што ја затвора црквата по целата должина на јужната страна. Црквата во поново време е целосно премалтерисана, обелена однадвор и однатре, а двосливниот покрив е препокриен со керамиди, со што е нарушен автентичниот изглед на храмот. На апсидата од надворешната страна има две ниши, во кои, според документацијата во НКЦ, биле насликани претставите на *св. Никола* и *св. Илија,* а во долниот дел, денес обраснат со вегетација, тесна линеа. Прозорски окна има по едно на бочните ѕидови во наосот и исто толку во трпезаријата. Влезот е од западната страна преку трпезаријата, а влезот во црквата е преку правоаголна врата над која има патронска ниша. Нишата, како и останатите ѕидови, се премалтерисани во поново време.

Сводот во наосот на црквата (?) е затворен со рамна дрвена ламперија, а внатрешноста на храмот е реновирана (премалтерисана), со што

[22] *Истото*, 205, сл. 33.

сл.22. Поглед од југоисточна страна, Св. Ѓорѓи во с. Мартолци

сл.23. Поглед од источната страна, Св. Ѓорѓи во с. Мартолци

сл.24. Богородица со малиот Христос, Св. Ѓорѓи во с. Мартолци

е нанесена голема штета на sидното сликарство од XVII век. Споредбата со постарата документација од НКЦ покажува дека дел од sидната декорација е трајно изгубена со нестручните интервенции преземени од страна на црковниот одбор со реновирањето на црквата.

сл.25. С*в. Кирил Александриски, ѓаконикон, Св. Ѓорѓи во с. Мартолци*

Имено, од живописот во олтарната апсида, што е до денес преостанат, е дополнително физички оштетен и испрскан со вар од невнимание во текот на реновирањето на внатрешноста. На источниот sид во втората зона било насликано *Благовештението,* кое е премалтерисано при реновирањето на црквата.[23] Во конхата на апсидата е насликана допојасна *Богородица со малиот Христос* во медаљон на градите. (сл. 24) Богородица е од типот Знамение, со обете раце кренати во оранс, додека младенецот Христос, насликан во конусоиден светлосен медаљон, благословува со десната рака. Во првата зона на апсидата од *Службата на светата литургија* сочувани се *св.*

[23] Според документацијата во НКЦ.

сл.26. Мртвиот Христос во гробот, проскомидијална ниша, Св. Ѓорѓи во с. Мартолци

сл.27. Св. Константин и Елена, западен ѕид, Св. Ѓорѓи во с. Мартолци

Василиј Велики С҃ТЫ ВАСЇЛЇЄ, кој се поклонува од северната страна кон Х*ристос - жртва,* насликан централно во апсидата (оштетен во голема мера), а од југ приоѓа *св. Јован Златоуст* С҃ТЫ ІѠВА.... . Архијереите носат бели фелони и омофори со големи црвени крстови, а во рацете држат отворени свитоци со текст испишан на црковнословенски (нечитливи). Според старата фотодокументација може да се увиди дека како дел од литургиската поворка во ѓакониконот биле насликани уште *св. Атанасие* С҃ТЫ АѲАНАСЇА, *св. Кирил Александриски* С҃ТЫ КИРИЛЛЬ (препознатлив по специфичната капа/ шаховница) (сл. 25), а *св. Никола* С҃ТЫ ..., и *св. Григориј Богослов* на јужниот ѕид во олтарот. Во проскомидијалната ниша е насликана допојасната претстава на *мртвиот Христос во гробот* І҃С Х҃С. (сл. 26) Допојасната претстава на Христос е сместена во камен саркофаг. Тој е прикажан со наведната глава кон десното рамо и прекрстени раце пред градите.[24]

На западниот ѕид, во првата зона, јужно од влезот бил насликан *Архангел Михаил* (според документација), а северно од влезот се насликани *св. Константин* СТИ КОСТАДІННЬ *и Елена* С҃ТА ЄЛЄ(НА), во свечена одежда и со круни на главите, како го придржуваат голготскиот крст поставен помеѓу нив. (сл. 27) Во втората зона централно е поставената композиција *Успението Богородичино* фланкирана со претставите на светите химнографи. Поетите се издвоени во посебни полиња од Успението - *св. Јован Дамаскин* С҃ТИ І҃Ѡ ДАМАСКИННЬ (северно) и *св. Козма Мајумски* С҃ТИ КУСМАС О ПІНТИ(С) (јужно). *Св. Јован Дамаскин* е насликан во монашка облека со бела марама (турбан) на главата, во десната рака држи перо, а во левата отворен свиток со текст .../ ПИН/ СНЄ/ ПАѮІ/ ЄОДІ/ НИМ/ЄТЄ. (сл. 29) Од јужната страна, како негов пандан е насликан *св. Козма Мајумски* облечен во едноставна монашка облека со качулка на главата. И тој во десната рака држи перо, а во левата отворен свиток со текст ТИА./ ИПАР/ ѲЄН/ УКЄ/ .ИТ.[25] (сл. 28)

---

[24] Н. Митревски, *Манастирот Слепче кај Прилеп*, Прилеп 2001, 45-49.

[25] С. Радојчић, *Беседе Јована Дамаскина и фреске Успења Богородичиног у црквама краља Милутина*, Узори и дела старих српских уметника, Београд 1975, 181-193;

сл.28. Св. Козма Мајумски, западен ѕид, Св. Ѓорѓи во с. Мартолци

сл.29. Св. Јован Дамаскин, западен ѕид, Св. Ѓорѓи во с. Мартолци

Во композицијата *Успението Богородичино*[26] централно е поставена Богородица како лежи со прекрстени раце на одар. (сл. 30) Во горниот дел од сцената е насликан *Христос* во светлосна мандорла, кој во рацете ја држи душата на Богородица во облик на на повиено бебе. Од обете страни на мандорлата се насликани двајца архијереи со отворени евангелија во рацете. Од страна на главата на Богородица приоѓаат *св. Петар* со кадилница во раката и уште четворица апостоли, а покрај нозете на Богородица, во акт на адорација, пристапуваат апостолите *св. Јован Богослов и Павле,* а одзади следува друга група апостоли. Во предниот план е насликан *архангел Михаил,* кој со сабја ги сече рацете на *евреинот Еуфоний,* кој посегнал да го преврти одарот на кој лежи Богородица. Во северниот агол од сцената е издвоена група жени и апостоли нажалени од настанот.

[26] L. Wratslaw-Mitrovic - N. Okunev, *La Dormition de la Vierge dans la peinture médievale ortodoxe*, Byzantinoslavica III/1, Prague 1931, 134-180; A. Grabar, *Les images des poètes et des illustrations dans leurs ouvres dans peinture byzantine tardive*, Зограф 10, Београд 1979, 13-14.

сл.31. Св. Петка, св. Недела и *св. Меркурij, северен ѕид, Св. Ѓорѓи во с. Мартолци*

сл.30. Успението Богородичино, Св. Ѓорѓи во с. Мартолци

Според старата документација, на северниот ѕид, од запад кон исток, во првата зона биле насликани *св. Петка*, *св. Недела* С҃ТЫ НЕДЕЛІѦ и *св. Меркуриј,* (сл. 31) а во втората зона имало детаљ од композицијата *Влегувањето во Ерусалим*. На јужниот ѕид биле насликани *св. Кузман и Дамјан*, додека во втората зона биле насликани *Раѓањето на Богородица* во олтарниот простор и *Воскреснувањето Лазарево* во наосот.

сл.32. Поглед кон југоисточната страна, црква Св. Никола во село Габровник

Црквата *Св. Никола* во село **Габровник** е подигната во поствизантискиот период (XVII век). (сл. 32) Црквата е обновена во XIX век, а сведоштва од старата црква се сочувани само на источната ѕид, судејќи според сочуваниот оригинален живопис од XVII век. Црквата денес е со паднат покрив со тоа што во елевација целосно се сочувани западниот и источниот ѕид, (сл. 33) додека бочните два се делумно срушени. Црквата во основа е еднокорабна градба со полукружна апсида на исток. На западната страна имала дограден трем со дрвена камбанарија (денес сочуван во темели).

Црквата е масивна градба ѕидана од кршен камен, а била покриена со камени плочи. Прозорски окна има по два на јужната и северната страна, додека на исток во горниот забатен дел има отвор во вид на крст и тенка линета под него. Порталот и прозорските отвори се изработени од делкан камен, лачно засведени во горниот дел. Од старата документација може да се види дека црквата поседувала касетирана таваница, дрвена брановидна галерија на кат во западнитот дел, двокатен иконостас со икони на него, црковен мобилијар итн., од кои денес сѐ е целосно девастирано или исчезнато без трага. (сл. 34)

сл.33. Поглед кон источната страна во наосот, црква Св. Никола во село Габровник

сл.34. Поглед кон иконостасот и галеријата на запад, Св. Никола во село Габровник

сл.35. Богородица со Христос, олтар, црква Св. Никола во село Габровник

сл.36. Исус Христос Емануел, олтар, Св. Никола во село Габровник

Влезот во црквата е од западната страна, над него има патронска ниша со ликот на *св. Никола* со сликарство од времето на обновата во XIX век. *Св. Никола* С҃ТЬН НЇКОЛАѦ е насликан во свечена архијерејска одежда со митра на главата, со десната рака благословува, а во левата држи затворено евангелие.

Оригинален живопис од време на градбата на црквата од XVII век е сочуван само на источната страна во олтарната апсида. Во конхата на апсида-

сл.37. Св. Јован Златоуст, олтар, црква Св. Никола во село Габровник

сл.38. Св. Василиј Велики, олтар, црква Св. Никола во село Габровник

сл.39. Св. Симеон Столпник, олтар, црква Св. Никола во село Габровник

сл.40. Св. архиѓаконот Стефан, олтар, црква Св. Никола во село Габровник

та е насликана допојасна претстава на *Богородица* МР ѲУ со малиот *Христос* ІС ХС во медалјон на градите. (сл. 35) Богородица[27] со обете раце кренати е од типот Знамение, додека младенецот *Христос* благословува со десната рака, а во левата држи затворен свиток. Карактеристичниот светлосен медалјон (круженот медалјон лежи на два спротивно поставени квадрата еден под друг), во кој е сместен *Христос Емануел*, е подеднакво насликан како во Мрзенореовачката црква.[28] (сл. 36)

Во првата зона на апсидата во *Службата на светата литургија* учествуваат само двајца архијереи насочени кон централниот простор, каде што наместо Агнецот поставен на Чесна трпеза, отворен е тесен отвор. Литургичарите се облечени во полиставриони, епиртрахили и омофори со крупни крстови. Во рацете држат отворени свитоци со старогрчки литургиски текстови. Од северната страна приоѓа *св. Јован Златоуст* СТН ІѠ ЗЛАТОУСТЬ со текст на свитокот: ѲѲС/ О ѲС/ НМО/ NОТ/ ОNО/ VРА.[29] (сл. 37) Од јужна-

[27] Ликот на Богородица денес е уништен, а го знаеме благодарение на старата докумнетацијата во НКЦ.

[28] Со повеќе наведени примери во други споменици од XV до XVII век - В. Поповска-Коробар, *Нов поглед на ѕидното сликарство во Мрзенореовечката црква,* 161-162, заб. 25.

[29] О Θ(ЕО)С Θ(ЕО) О НМѠN О ТОN О ҮРА(NIѠN)

сл.41. Поглед од јужната страна,
црква Вознесението Христово во селото Дреново

та страна служи *св. Василиј Велики* ⷋTI ⲂⲀⷭⲤⲚⲖⲒⷯ со текст на свитокот: ⲰⲆⲒ/ ⷭⲀⷤⲒ/ ⲞⷭTⷯ/ ⷭⲀⲢⲔ / ⷯⷭⷯ/ ⲠⲚ·Ⲑ·/ Ⲏ·Ⲑ·Ⲩ.[30] (сл. 38)

На просторот меѓу апсидата и проскомидијалната ниша е насликан *Симеон Столпник* ⷭⲒⲘⷯⲞⲚ. Во допојасна претстава, светиот Столпник е претставен во монашка облека, поставен на столб, како со левата рака благословува, а во десната држи крст. (сл. 39) Во самата проскомидијална ниша е насликана допојасна претстава на *архиѓаконот Стефан* ⷭTⷯⲪⲀⲚ, облечен во бел стихар и орар на кој е испишан трисагионот Ⲟ ⲀⷩⲒⲞⷭ. Тој во левата покриена рака носи дарохранилница во облик на храм, додека со десната благословува. (сл. 40)

Останатиот живопис во наосот на црквата е од XIX век, а денес ни е познат само врз основа на старата документација депонирана во НКЦ. На северниот ѕид од запад, во зоната I се претставени *св. Харалампие*, *св. Параскева*, *св. Катерина*, *св. Марена*, *св. Игнатие*, *св. Атанасие* и *пророк Илија*; додека во зоната II се *св. Филип*, *св. Томас*, *св. Трифун*, *св. Пантелејмон*, *св. Кузман* и *Дамјан* и *св. Константин и Елена*. На јужниот ѕид, во зо-

... Почеток на молитвата на Предложение што се изговара на крајот од проскомидија - F.E. Brightman, *Liturgies Eastern and Western: being the Texts Original or Translated of the principal Liturgies of the Church*, vol. 1 Eastern Liturgies, Oxford 1896, 309, 8&14.

[30] ΟΥΔΕΟΣ ΑξΙΟΣ ΤΩΝ ΣΥΝΔΕΔΕΜΕΝΟΩΝ ΤΑΙΣ ΣΑΡΚΙΚΑΙΣ ΕΠΙΘΥΜΙΑΙΣ ΚΑΙ ΗΔΟΝΑΙΣ.. F.E. Brightman, *Liturgies Eastern and Western,* 318;

сл.42. Поглед од источна страна,
црква Вознесението Христово во селото Дреново

сл.43. Св. Петка, источна фасада,
црква Вознесението Христово во селото Дреново

ната I се пророкот *Данил* и *св. Никола*; додека во зоната II се *св. Ѓорѓи* и *св. Ѓорѓи Јанински*.

Црквата *Вознесението Христово* во селото **Дреново** (сл. 41, 42) е мала правоаголна еднокорабна градба со полукружна апсида на исток и двосливен покрив, подигната во поствизантискиот период и обновена во XIX век, како што се вели во натписот над западниот влез во наосот, во 1869 година, (сл. 43) кога најверојатно била продолжена кон запад за цела должина, а кон југ бил дограден отворен трем. Влезот во црквата е од за-

сл.44. Св. Петка, источна фасада,
црква Вознесението Христово во селото Дреново

сл.45. Поглед кон олтарната апсида, црква Вознесението Христово во селото Дреново

сл.46. Св. *Стефан, олтар, црква Вознесението Христово во селото Дреново*

падната и од јужната страна над која има ниша со допојасен лик на непознат светител од XIX век, а според долгата брада можеби *Св. Атанасиј* (?).

Денес црквата е комплетно обновена (премалтерисана) од страна на црковниот одбор, со што е оновозможено да се следи оригиналниот опус на градбата. Единствен јасен показател за времето на настанувањето на црквата е делумно сочуваната фреска во нишата над олтарната апсида на источната фасада. Насликана е допојасна претстава на с*в. Петка*, облечена во темно кафен химатион, во десната рака држи маченички крст, а другата дланка е отворена кон гледачот. (сл. 44) Видливите оштетувања на портретот на светителката сепак не ги нарушило стилските одлики на ова сликарство, кое слободно може се смести во рамките на XVII-вековното творештво. Освен претставата на *св. Петка*, траги од XVII-вековното сликарство забележуваме и во олтарниот простор на црквата. И покрај комплетното пресликувањето на живописот во 1887 година (запис над јужниот влез)[31], од страна на локалните зографи на чело со *Петар Николов* и неговите соработници, брат му *Анастас* и ученикот *Илија Манев* од село Дреново, може да се забележи дека во апсидата и нишата во проскомидијата зографите сликале директно врз постариот живопис, без да нанесат нова подлога. Оваа несреќна околност во која *Петар Николов* се одлучил само да ги освежи фрески денес ни овозможува да го насетиме оригиналното сликарство, посебно кај преставата на *Богородица Ширшаја* со малиот *Христос* во медаљон на градите во конхата на аспидата, потоа делумно кај *св. Василиј Велики* и *св. Јован Златоуст* во *Литургиската служба на архијереите* (сл. 45) и, секако, кај допојасниот лик на *св. Стефан* (сл. 46) во протезисот претставен во ѓаконска одежда со бел стихар, орар со испишан трисагион и црвена наметка преку десното рамо. Во левата рака држи дарохранолница, а во десната висечка кадилница.

Сликарството од XIX век е со следниот распоред: олтарен простор, источен ѕид: во третата зона и таваницата *Бог Саваот*; во втората зона - *пророкот Данило меѓу лавови*, јужно од апсидата, *пророкот Исаиј* северно од апсидата. *Сиромавиот Лазар*, јужниот ѕид во олтарскиот простор. *Горчлива чаша на смртта*, втора зона на северниот ѕид во олтарскиот простор, а под неа се на-

[31] Натписот не е сочуван а информацијата е врз основа на постоечката документација во НКЦ.

оґаат допојасните претстави на светите *врачи Кузман и Дамјан*.

Во централниот дел на таваницата во наосот е насликана допојасна претстава на *Исус Христос Седржител*, а третата претстава на западниот дел не е сочувана.

На јужниот ѕид, од исток кон запад, во првата зона се насликани во група светителите *Јустин, Ефрем, Евсевиј, Антониј, Мавруштен* и *Амбросиј*.[32] Над нив е *св. Димитриј на коњ го прободува воинот*, *Вознесението на св. Илија*, *св. Спиридон, св. Елисавета.* Западно од влезот на јужниот ѕид е насликан *св. Онуфриј*, потоа следува сценатa *Колежот на витлеемските деца* и *св. Харалампиј го гази ѓаволот*.

На горната површина на западниот ѕид е насликано *Раѓањето Христово,* додека во првата зона се сцени од *Страшниот суд.*.

На северниот ѕид, од запад кон исток, на западната половина е насликано *Второто Христово пришествие*, а во продолжение, во втората зона, *св. Георгиј на коњ ја убива ламјата* и *св. Катерина*, во првата зона се *св. Никола*, *архангелот Гаврил му се јавува на Захариј, св. Константин и Елена*.

сл.47. Поглед кон југозападната страна, црква Св. Никола во село Раковец

сл.48. Поглед кон источната страна, црква Св. Никола во село Раковец

Според документацијата во НКЦ, икони кој припаѓаат на двокатниот иконостас од оваа црква се: престолните икони од првиот ред и *царските двери* (дим.: 123 x 38 x 2,5 и 121,5 x 37 x 2,5; бр. 17585); *архангел Михаил ја вади душата на богатиот* (дим.: 172 x 66 x 2,5; бр. 17584); *Богородица со Христос* (дим.: 68 x 43 x 2; бр. 17586); *Исус Христос* (дим.: 67 x 40,5 x 2; бр. 17588); *Исус Христос* во горниот дел и претставите на *св. Георгиј* и *св. Недела* во долната половина (дим.: 43 x 31 x 1,8; бр. 17587). На вториот деисисен ред припаѓаат иконите на *Исус Христос* (дим.: 34 x 25 x 2; бр. 17595); потоа апостолите *евангелистот Лука* (дим.: 36,5 x 25 x 2; бр. 17590), *св. апостол Тома* (дим.: 36 x 25 x 1,8; бр. 17591), *св. апостол Андреа* (дим.: 34 x 25,5 x 2,2; бр. 17592), *св. апостол Петар* (дим.: 34 x 25 x 2,5; бр. 17593). Веројатно од раката на друг зограф се останатие икони: *Исус Христос* (дим.: 49 x 35 x 2; бр. 17594); *св. Недела* (дим.: 36,5 x 24,5 x 1,8; бр. 17589); *св. Недела* (димензии 27,2 x 24 x 1,5; бр. 17596); *св. Пантелејмон* (дим.: 26 x 19 x 2; бр. 17597), датирана во 1883 година.

Црквата *Св. Никола* во село **Раковец** (XVII/XIX) е еднокорабен храм со полукружна апсида на исток и дограден затворен трем на западната страна. (сл. 46, 47) Сводот на црквата е полуобличест. Влезот е од западната страна, има едно про-

[32] Идентификацијата е според документацијата во НКЦ (бр. 9161/1).

сл.49. Исус Христос од проскомидијалната ниша, црква свети Никола во село Раковец

зорско окно на северниот ѕид во наосот и едно на забатниот дел над апсидата. Градена била од кршен камен, но денес е целосно премалтерисана и препокриена со керамиди.

сл.50. Поглед кон југоисточната страна, црква Св. Димитрија во село Поменово

На ѕидното сликарство, според натписот на северниот ѕид, е „извршен ремонт“ во 1974 година од страна на рудимитарниот зограф Миле Ристевски од Прилеп, кога е пресликан постариот живопис од XVII век. Според еведенцијата направена во 1972 год од стана на стручната екипа на НКЦ, оригинален живопис од XVII век бил документиран во апсидата - *Богородица Ширшаја Небесна* и *св. Василиј Велики* а во проскомидијалната ниша *Исус Христос*. (сл. 49)

Од останатите содржини во црквата вредно е да се спомене двокатниот иконостас со икони (рег. бр. 17598 до 17624), кој во 1884 г. ги насликал *Димитар Андонов Папрадишки,* за што посведочил самиот автор со свој афтограм на престолната икона св. Никола (рег. бр. 17598) - *отъ руки Димо зуграфъ отъ Папрадища 1884 декември 22*.[33]

Црквата Св. Димитрија во село **Поменово** е правоаголна еднокорабна градба со полукружна апсида на исток и трем на запад. (сл. 50, 51) Црквата е градена од кршен камен и била покриена со камени плочи (според постара докумнетација во НКЦ). Сводот во наосот е срушен, а црквата денес е препокриена само со салонитни плочи. Влезот во црквата е од западната страна над која има патронска ниша со претставата на *св. Димитрија* на коњ како го прободува воиниот.

Остатоци од оригиналниот живопис од XVII век се сочувани во нишата на источната фасада, вгнездена во забатниот простор над олтарната апсида. Насликано е допојасје на светител облечен во кафен хитон и окер химатион. Светителот во левата рака држи затворен свиток. Портретот на светителот претставува средновечен маж со кратка бела коса и брада. Според типолошките карактеристики, можно е да е насликан апостолот св. *Петар* (?). (сл. 52)

Како кај црквите *Св. Илија* во Богомила и *Св. Ѓорѓи* во Бистрица, и тука е сочувана оригинална камена трпеза, овде сместена во тремот на западната страна, како уште еден доказ за поствизантиското потекло на храмот.

Ѕидното сликарство во наосот и олтарот е целосно пресликано во 1852 год. според натписот над западниот влез во наосот.

[33] А. Николовски, *Македонските зографи од крајот на XIX и почетокот на XX, Андонов, Зографски и Ванѓеловиќ*, Скопје 1984, 274.

сл.51. Поглед кон југоисточната страна, црква Св. Димитрија во село Поменово

На источниот ѕид во олтарната апсида, во првата зона, како дел од Литургиската служба на архијереите, од северната страна се насликани како служат *св. Јован Златоуст* и *св. Григориј,* а од југ *св. Василиј Велики* и *св. Атансиј*. Во конхата на апсидата е претставена допојасна *Богородица со Христос* во конусоиден медаљон на градите. Во проскомидијалната ниша е насликан *св. Стефан*. Од обете страни на апсидата е насликано *Благовештението*. Над Богородица е пророкот *Давид*, а над архангелот Гаврил пророкот *Соломон*. Помеѓу пророците е преставата на *св. Троица*. На јужниот ѕид во олтарот е насликан *св. Никола*, а во првата зона над него *Раѓањето Христово*. Во наосот, на јужниот ѕид следуваат, (и-з) во првата зона, под прозорецот, *св. Илија во пештерата го храни гавранот, Вознесението на св. Илија*, потоа с*в. Кузман и Дамјан* и *св. Трифун*. Во втората зона продолжува со *Крштевање Христово, Влегувањето во Ерусалим и Тајната вечера*.

сл.52. Непознат светител, нишата на источната фасада, црква Св. Димитрија во с. Поменово

На западниот ѕид, јужно од влезот, претставата на *архангелот Михаил* ја вади душата на богатиот, над влезот е натписот, а северно од влезот *св. Константин и Елена*. Над првата зона е насликано *Успението Богородичино,* а во горниот тимпанонски дел е *Вознесението на Богородица* „in corpore“.

На северниот ѕид, во првата зона се насликани светите маченички *Петка* и *Недела*, потоа следува *св. Меркурij*, *св. Василиј*, *св. Јован Златоуст*, *св Григориј, а* во олтарот е прикажана *Визијата на св. Петар Александриски.* Во втората зона на северниот ѕид (З-И) е насликан *Јуда си го одзема животот со бесење*, *Христос пред Пилат, Распнувањето Христово, Оплакувањето Христово* и во олтарот, *Мироносниците на гробот Христов* и *Воскресението Христово*.

Од иконописот (рег.бр. 17843-17848) своевремен на обновата на црквата во XIX век, на иконос-

сл.53. Поглед кон југоисточната страна, црква Св. Никола во село Владиловци

тасот се сочувани само *архангелот Гаврил* насликан на проскомидијалната врата, потоа царските двери со *Благовештението* во средната зона, пророците *Соломон* и *Давид,* над нив и архијерејте *св. Василиј Велики* и *св. Јован Златоуст* под архангелот Гаврил и *св. Спиридон* и *св. Григориј* под Богородица. Од престолните икони се сочувани *Исус Христос, св. Харалампие, св. Димитрие на коњ го убива воинот* и *св. Недела* со видливи преслики над нив од поново време. Другите два реда икони на иконостасот не се во црквата.

сл.55. Страшниот суд, детал, јужен ѕид, црква Св. Никола во село Владиловци

сл.54. Богородица со Христос, олтар, црква Св. Никола во село Владиловци

Црква *Св. Никола* во село **Владиловци** е подигната во поствизантискиот период, а обновена во XIX век. (сл. 53) Црквата е еднокорабна градба, со полуобличаст свод и полукружна апсида на источната страна. Градена е од кршен камен. Кон северозападната страна е доградена затворена трем. Денес е препокриена со салонитни табли. Главниот влез во црквата е од западната страна, но има и уште еден тесен премин од југ. Прозорски окна има по едно на северниот и јужниот ѕид. Подот е изработен од камени плочи.

Ѕидните површини во внатрешноста на црквата во поново време се целосно варосани. На местата каде што е отпаднат варовиот намаз се открива боен слој од XIX век, а под него се назираат фрагменти од постар слој, најверојатно од времето на подигањето на црквата од XVII век. Во олтарниот простор, во апсидата, се препознаваат фрагменти од *Богородица со Христос* во кружен медаљон на градите (сл. 54), а во проскомидијалната ниша фрагменти од ореолот од *фигура на светител*. На јужниот ѕид е отворена една поголема површина од ѕидното сликарство на која може да се распознае композицијата на *Страшниот суд*. (сл. 55) На северниот ѕид се отворени портрети на маченичките *св. Теофана (?)* и *св. Петка,* до нив се насликани *св. Ѓорѓи, св. Димитриј, св. Трифун* и *Деисисот* до иконостасот. (сл. 56) Во горната зона во правоаголни полиња се

сл.56. Портрети на маченичките св. Теофана (?) и св. Петка, до нив се насликани св. Ѓорѓи, св. Димитриј, св. Трифун и Деисисот до иконостасот северен ѕид, црква Св. Никола во село Владиловци

сместени доподпојасни светите лекари *св. Кузман* и *Дамјан* и други неидентификувани светители. Може да се забележи дека зографот од XIX век сликал директно врз постариот боен слој, кој се наѕира под преслика.

На иконите (рег. бр. 17733-17762) од двокатниот иконостас има сигнирано две икони. Едната е од зографот *Димитрија Дуков* сликана во 1848 г. (сигнатурата со неговото име е запишана на *Царските двери,* а на проскомидијалната врата со претставата на *архангелот Михаил ја вади душата на богатиот* е запишана само годината 1848) Другата икона е од *Ангелко Андонов,* датирана во 1898 г. Можно е *Димитрија Дуков* да се појавува и како автор на поквалитента сликарија/преслика од XIX век, додека *Ангелко Андонов* е со поскромни зографски знаења.

Стара црква св. Никола во селото **Оморани е** еднокорабна градба со полукружна апсида на исток и отворен трем на западната страна. (сл. 57, 58) Во поново време црквата е целосно обновена, со што ја изгубила својата споменична вредност. Единствена трага за нејзината автентичност е оставена во постарата евиденција на НКС, во која се вели дека црквата според своите архитектонски одлики припаѓала на поствизантискиот период, а имала сочуван живопис во апсидата со претставата на *Богородица Ширшаја* и уште еден фрагмент десно од апсидата .

За црквите *Св. Ѓорѓи* во с. **Бистрица**[34] *и св. Илија* во с. **Богомила**[35] во друга прилика веќе укажавме на нивните содржини, а овде ги вбројуваме и ги напоменуваме како значаен дел од групата храмови што припаѓаат на поствизантискиот хронолошки круг во општината Чашка.

За *иконописното* творештво од поствизантискиот период, кое е уште еден релевантен пример за слоевитата уметничка активност во Велешкиот регион, делумно е веќе укажано во една друга прилика при што се напомнати дела лоцирани во повеќе цркви:[36]

Поствизантиското творештво во општина Чашка е со широк временски дијапазон во текот на XVII век. Единствената засега датирана црква

[34] Д. Николовски, Р*езултати од валоризација на црквите во селата Богомила и Бистрица во областа Азот, Велешко*, Патримониум.МК 11, Скопје 2013, 203-204

[35] *Истото*, 197-198

[36] *Истото*, 185-208.

сл.56. Поглед од североисточната страна, црква св. Никола во селото Оморани

сл.57. Поглед од североисточната страна, црква св. Никола во селото Оморани

Св. Петка во **с. Црешнево** од 1601 г. е значајна како почетна одредница на хронологијата на преостанатите цркви од овој век и sидното сликарство во црквата *Св. Ѓорѓи* во с. **Бистрица,** која посредно преку сигнираната икона во1697 г. може да се датира кон крајот на столетието. Сите останати би требало да се движат хронолошки помеѓу нив. Стилско ликовните одлики на поствизантиското сликарство во општина Чашка, поради скромниот сочуван опус, може да се претпостави дека се дело на зографски дружини со различен ликовен квалитет, кои се базираат врз традициите на епирско-охридско-костурскиот културен круг. Употребата паралелно на старословенскиот и старогрчкиот јазик е подолга традиција во рамките на Охридската архиепископија, но сепак може да укаже на работата на патувачките линотопски работилници познати по своето присуство на Балканскиот простор во целиот XVII век.

Општина Чашка во регионот на Азот, Велешко, крие неколку засега непознати за научната јавност споменици од поствизантискиот период. Имено, црквите *Св. Петка* во с. Црешнево, *Св. Ѓорѓи* во с. Бистрица, *Св. Никола* во с. Габровник, *Св. Илија* во с. Богомила, *Св. Ѓорѓи* во с. Мартолци, *Вознесение Христово* во с. Дреново, *св. Никола* во с. Раковец, *Св. Димитрија* во с. Поменово,

Св. Никола, с. Владиловци, Старата црква *Св. Никола* во селото Оморани и покрај малите размери на еднобродни селски црквички, нарушени од времето и негрижата, делумно или целосно пресликани во XIX век, сепак сведочат за зографските активности и ја пополнуваат релативно непознатата слика за поствизантиската градителска и творечка уметност во повардарскиот регион.

Една значајна работа што се однесува на заштитата на културното наследство треба да се подвлече во целата оваа состојба со спомениците на културата во општина *Чашка*, што е пример кој е валиден и за останатото културно наследство во другите региони во Македонија. Имено, може јасно да се констатира една поразителна стварност, дека само во текот на неколку децении, споредувајќи ја постарата документација во НКЦ и денешната состојба на истите споменици, црквите ја губат својата примарна автентичност благодарение на закажувањето на трите главни столба во областа на заштитата, а тоа се државните стручни институции задолжени за заштита на културнот наследство, потоа имателот (Македонската православна црква) и црковните одбори како крајни корисници на малите селски цркви.

Примерите покажуваат дека и во двата случаја на девастирање на сакралните споменици, во првиот, кога нема финасиски средства и кога спомениците се препуштени на стихијно пропаѓање поради негрижа, и вториот случај, кога има финасиски средства, но тие се употребуваат нестручно од страна на имателот и црковните одбори. Поради неукоста и неинформираноста, без консултации со стручните институции, на своја рака имателот и црковните одбори преземаат интервенции над храмовите во кои трајно се уништува автентичноста на сметка на употребата на нови и несодветни материјали (камените покриви се менуваат со керамиди, употребата на пластични таваници наместо дрвени штици, замената на камените подови со плочки, малтерисувањето на ѕидните површини итн.). Генерално, човечката негрижа и воедно нестручните интервенции еднакво прават непоправлива штета на спомениците на културата.

Дарко NIKOLOVSKI

CONTRIBUTION TO THE RESEARCH OF THE POST-BYZANTINE ART IN THE COMMUNITY OF ČAŠKA, NEAR VELES

Symmary

The community of Čaška in the region of Azot near Veles hides unfamiliar monuments from the Post-Byzantine period, the churches St.Petka in v. Creševo as result to the inscribed year ϛг҃ 7109 (=1601) represents the only temple with dated fresco painting at Azot in the community Čaška. The remaining churches that originate from the Pot-Byzantine period in the region of Azot are followed by analogies, mainly by the architectural type, and the small remains of fresco painting preserves which testify about the period of the building and painting, mostly in the 17th century. The Post-Byzantine churches in Azot are St. Petka in v. Creševo, St. George in v. Bistrica, St. Nicholas in v. Gabrovnik, St. Elijah in v. Bogomila, St. George in v. Martolci, The Ascension of Christ in v. Drenovo, St. Nicholas in v. Vladilovci, and the Old Church in the v.Omorani, that were greatly overpainted in the 19th century by local unskilled artists, also by devastation and inexpert intervention by the church committees not preserving the authentic content of the temples.

The Post-Byzantine art in the community of Čaška has a wide range of time span from the 17th century. The only dated church is that of St.Petka at Crešnevo from 1601, which represents a starting point for the chronology for the other churches in this period and the fresco painting, as the church of St. George in v. Bistrica that holds a dated icon from 1697, that gives a frame for the end of the century. The rest of the temples in this region can be set in to this time span. Dating from the Post-Byzantine period small opuses of paintings in the region of Čaška are saved, and the stylistic qualities were made by artists of different painting groups most probably indicating the traditions of cultural art from the circle Epirus-Ohrid – Kastoria. The use of Old Church Slavic and Greek inscriptions is a long tradition in frames of the Ohrid Archbishopric, and may suggest the work of the traveling painting workshops from Linotopi, painters that had been very present on the Balkans during the complete 17th century.

The churches of St.Petka in the v. Crešnevo, St. George in v. Bistrica, St. Nicholas in v. Gabrovnik, St. Elijah in v. Bogomila, St. George in v. Martolci, The Ascension of Christ in v. Drenovo, St. Nicholas in v. Rakovec, St. Demetrius in v. Pomenovo, St. Nicholas in v.Vladilovci, Old Church in the v.Omorani, beside their small one aisle size , the destruction throughout time , made by a partly or entirely repainted works in the 19th century represent testimonies of the painting activities which render the unknown image of the Post-Byzantine building and art activities in the region of the Vardar river.